

# Неспособност која се плаќа со животи: 21 лице само денес починаа, а Филипче и Заев го оставија народот без вакцини

Само денес починаа 21 лица од КОВИД 19. Тоа се 21 семејства завиени во црно. Тоа се 21 лице чии животи можеа да бидат спасени, ако Заев и Филипче набавеа вакцини навраме.

Цел регион се вакцинира, сите нарачуваат милионски количини, само Заев се радува на 8 илјади вакцини кои ги добива како донација, наместо да се фати за работа и да набави вакцини за сите.

Секој поминат ден без вакцини е уште еден ден на загубени човечки кои можеле да бидат спасени.

Стоилковиќ рече дека се достапни 90.000 кинески вакцини на владата за брза имплементација. Зошто до сега владата и Филипче не преземаче никакви активности за набавка на вакцините?

Заев и Филипче мора да одговараат за тоа што до сега ја лажеа јавноста дека вакцините само што не стигнале. Вакцини нема, додека сите во регионот се вакцинираат. Срамота.

**ВМРО-ДПМНЕ**